**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Триесет и прваta седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 март 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,23 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

На седницата присуствуваат доволен број пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по 31-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Ристанка Лалчевска, Насер Ајдини, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска и Лилјана Поповска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме борјот на присутните пратеници во салата.

Молам службите да го утврдат точниот број на прусутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам службите да бидат љубезни и уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат доволен број пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Минуваме на точка 14-Предлог за донесување на закон за меѓународно приватно право.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за меѓународно приватно право.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за меѓународно приватно право при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собраниеот на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставм на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратенци. Сите 63 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Со оглед на отсуството на предлагачите на следните точки број 15, број 16, број 17, број 18, број 19 и број 20, значи заклучно со точката Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност предлагам тие точки да ги прескочиме и да продолжиме со овие за кои имаме компетентна присутност да одлучуваме и да дискутираме.

Затоа на дневен ред ја ставам точката 21-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија , со Предлог на закон.

Процедурално, пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, денес навистина не ми е јасно што правиме и што работиме во Собранието на Република Македонија. И денес дефинитивно со предлогот на претседателот на Собранието се покажа дека Парламентот, пратениците се марионета во рацете на Владата на Република Македонија и на дел од пратениците од парламентарното мнозинство. Имено, господине претседателе, барам да ги повикате претставниците на Владата за Законот за здравствено осигурување јавно да кажете дека не е проблемот за непоставувањето на точката на дневен ред Законот за здравствено осигурување неприсуството на претставник на Министерството за здравство, туку е намерно избегнување да се разговара за законот предложен од страна на Владата. Имено, од денот на предлагање на овој закон 19.01.2007 година втор пат ја одложувате оваа точка од дневен ред, еднаш ја поместивте да биде поназад во дневниот ред. Сега намерно ја одложувате оваа седница и за десетина минути ќе треба да си одиме, а потрошивме толку пари, а без да имаме релевантно објаснување зошто се прави ова. На сит еим е јасно дека Владата предложи еден катастрофален закон за стопанството во Република Македонија. Владата не знае како да излезе од оваа замка која што самата си ја направи. И сега вие ни предлагате нас овие точки

да ги прескокнеме заради тоа што нема присутни претставници на предлагачите. Госпоѓата Лилјана Поповска пред две минути сега беше во овие ходници. Претставникот на Министерството за здравство го немаше минатиот пат на седница овде кога јас барав, претседаваше потпретседателот на Собранието господинот Иван Анастасовски. Денес го нема. Сигурен сум дека ќе ја одложите уште неколку дена додека Владата најде начин како да излезе од замката која што самата си ја направи. Се покажа она што како лидер на демократска партија го кажавме на 7.02. точно пред еден месец дека овој закон треба да се повлече од собраниска процедура. И затоа ве молам, немој да ја лажете македонската јавност дека е заради тоа што не е присутен претставник на Министерството за здравство, туку напротив заради тоа што Владата припрема наводно некои амандмани, за тоа ќе имаме прилика да се увериме и дека Владата не сака сеуште да се соочи за расправата со овој закон. Затоа предлагам, најдобро е да дојде претставник на Владата и да ни објасни што се случува со овој закон. Второ,овој закон да се повлече од собраниска процедура, а да не играте маневри и за се после пак да бидат виновни пратениците, а Владата да си седи во сенка и да излегува, да се фали дека наводно многу работи.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли уште некој процедурално?

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, многу слично на она што го кажа мојот колега. Мислам дека коалициските договори кои што ги правите штетат на работата на Парламентот. Беше трагикомично да се гледа како Лилјана Поповска ве уверува да ги прифатите прво нејзините точки. Меѓутоа, ова е веќе,не знам по кој пат традиција да манипулирате со дневниот ред. Госпоѓата е тука надвор и редно е да се каже дека всушност не се работи за отсуство, туку сите предлози на точките што доаѓаат од Лилјана Поповска пред неполни десет минути всушност се одбиени од Владата на Република Македонија. Всушност се поставува прашањето, или нема што да бара госпоѓата во Владата, или се работи за парада. Она што сакам да го предложам е да си ги повлече од дневен ред, а не да глумиме отсуство само затоа што,пак ќе кажам за да знае јавноста, Владата ги одби нејзините барања, односно се изјасни дека е против тие барања. Значи, да се одбијат законите, да се повлечат бидејки навистина не е убаво да бидеме во служба на Владата и да бидеме во служба на политички потези на некои пратеници.

**Љубиша Георгиевски:** Се направија еден куп прејудицирања, еден куп претпоставки се лансираа како живи вистини, но ниту еден процедурален прекршок не е установен.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, согласно членовите 56, 57, 58 и 59 кои се во ваша надлежност, свикувањето на седниците, председавањето, грижата околу дневниот ред, сакам да го искажам протестот на пратеничката група прво на СДСМ, затоа што вчера побараа група пратеници да прашаат по која точка ќе се работи. Бевме уверени дека ќе продолжиме со овој дневен ред како што стои. Верувам дека имавте информација дека нема да дојдат овие точки на дневен ред и непотребно направивме денеска трошок којшто ќе оди на штета на граѓаните на Република Македонија.И многу попаментно ќе беше наместо да довикувате овде и некултурно да дофрлувате, да ја договоревте меѓу коалиционите партнери да не се одржи денеска оваа седница, да се заштедат пари, да им се извините на стечајците надвор за бруталниот однос утринава што полицијата го направи и ги отстрани и со овие трошоци што ги правите непотребно додека коалиционите партнери не успеат да се договорат ќе можеа да се решат дел од нивните пробелми.

Затоа согласно Деловникот барам да ја прекинете тука седницата, затоа што нема смисла денеска да дојдеме само за една точка, за која што сега ќе видиме дека и предлагачите од ДУИ не се тука и потоа ова да биде уште поголема рашонијада, мислам на ова што денеска се случува во Собранието. Да излеземе надвор, да им се извиниме за бруталниот однос кон стечајните работници што се случи сабајлево, да си работиме и да дебатираме овде а не да бегаме од проблемите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор процедурално пратеникот Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Недопустливо е од страна на колегите пратеници под процедурално да даваат коментари за предлог на закони доставни од наши колеги, кои што се во собраниска процедура и нивно право е кога можат да бидат присутни на седница и да ги бранат предложените закони. Истото се однесува и за колешката Поповска и за колегите од ДУИ за законот за промена на Законот за државјанство.

Ценам дека денешната седница не е за џабе свикана. Поминавме две точки, ќе поминеме уште неколку точки од дневниот ред, а во 13,00 часот веќе имаме закажано сите пратеници во Собранието на Република Македонија активност, заедно со Министерството за труд и социјална политика ОБСЕ, Американската амбасада, УНИЦЕФ и ќе се разговара за активностите кои што се преземаат во борбата против трговијата со луѓе и легалната миграција во Република Македонија. Ценам дека сите пратеници треба да бидат присутни.

Значи тоа е едното прашање, не сме слободни, сите сме со работни задачи во Собранието на Република Македонија.

Во однос на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствен осигурување парламентарното мнозинство побара оваа точка да биде последна од дневниот ред заради тоа што очекуваме од Владата на Република Македонија да пристигне

амандман за измена на Законот за здравствено осигурување.

Од тие причини баравме како парламентарно мнозинство оваа точка да биде последна, за да може да пристигне материјалот и да можеме да расправаме по овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Имате ли поткрепа од 10 пратеници?

(Некои пратеници креваат рака).

Предлогот го ставам на гласање.

(Реакција на некои пратеници во салата).

Сите ли се согласуваме точката да биде ставена на крај, или што?

Продолжуваме со седницата, бидејќи ни останаа уште 14 минути, па ако можеме нешто да завршиме.

**Минуваме на точката 22-Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.**

Предлогот на одлуката, извештајот на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претрест.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата има 61 пратеник, 57 гласале и сите 57 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање на согласност на Статутот на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап на информациите од јавен карактер.

**Минуваме на точката 23-Барање за давање автентично толкување на член 12 од Законот за даноците на имот, поднесено од пратеникот Цветанка Иванова.**

Барањето и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање автентично толкување на член 12 од Законот за даноците на имот поднесено од пратеникот Цветанка Иванова не е оправдано и нема потреба од давање на автентично толкување на овој член од Законот, од причините содржани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Цветанка Иванова.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници. 62 гласале за, воздржани 2, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Овде ја прекинувам седницата и продолжуваме со работа во 11,00 часот, а слободен ден е четврток.

(Седницата прекина со работа во 12,51 часот)